бр. 09-432/2
24.04.2020 год.
КОЧАНИ

# Договор

290/2020
28.04.20

*Склучен помеѓу:*

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, **Г-дин Николчо Илијев** (во понатамошниот текст: **Нарачател**) и

2. **Друштво за проектирање, инженеринг, услуги и трговија ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ увоз-извоз ДООЕЛ Битола,** со седиште на ул.„Крстин Чулаковски" бр.49 Битола, со ДБ 4002008508760, ЕМБС 6415067, депонент на Силк Роад банка, жиро сметка 280103100530274, застапувано од управителот Ружа Гроздановска (во понатамошниот текст: **Изработувач)**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Изработка на проект за инфраструктура и сообракаен проект за булевар Теодосие Паунов со предвидување 4-5 кружни токови и Основен проект за булеварските улици со предвидените кружни токови**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација, изработена од Нарачателот за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на оглас бр.05043/2020 објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 13.03.2020 год..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

За извршување на услугите предвидени со член 1 од овој Договор, Нарачателот се обврзува да му исплати на Изработувачот износ во висина од **182.900,00 денари без ДДВ**, согласно резултатите од е-аукцијата спроведена на ден 06.04.2020 год.. Вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 32.922,00 денари.

**Вкупниот износ на договорот со ДДВ изнесува 215.822,00 денари.**

Средствата за реализација на договорот се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма ЈД, ставка 482.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши по доставена фактура од страна на Изработувачот за стварно изработен проектна документација предмет на договорот за јавната набавка со извршена ревизија, а согласно утврдената цена од член 2 од овој договор, без пресметан ДДВ.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Плаќањето ќе се врши во рок до 60 (шеесет) дена, сметано од денот на поднесување на фактурата во архивата на Нарачателот.

*Начин и рок за извршување на услугата*

**Член 4**

Нарачателот со избраниот најповолен понудувач ќе склучи договор за јавна набавка за период од 3 /три/ месеци.

Проектот треба да биде според барањата на Нарачателот и согласно важечката законска регулатива-Закон за градење и подзаконските акти.

За проектите да биде извршена ревизија од фирма што има лиценца за ревизија на урбанистички планови.

Проектот за инфраструктура да биде изработен во три примерока во хартија и во електронска форма на ЦД.

Сообраќајниот проект да биде изработен во три примерока во хартија и во електронска форма на ЦД.

Основниот проект за булеварските улици со кружните токови да биде изработен во три примерока во хартија и во електронска форма на ЦД.

За сите проекти да биде изработена ревизија од друга проектантска куќа.

***Обврски на Нарачателот***

**Член 5**

Нарачателот е должен:

- да ги обезбеди сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации со кои располага за несметано вршење на услугите, согласно техничката спецификација.

-да му помогне на Изработувачот во контактирањето со сите учесници, заради обезбедување на сите документи при изготвување на проектната документација;

- да му укаже на Изработувачот за евентуални забелешки/недостатоци по проектот;

- плаќањето да го врши на договорениот начин и рок за плаќање со Изработувачот, согласно чл.3 од овој Договор.

***Обврски на Изработувачот***

**Член 6**

Изработувачот е должен:

- да соработува и да комуницира со Нарачателот заради обезбедување на потребните податоци и документација за изработка на проектот.

- проектната документација да ја изработи согласно стандардите и нормативите за проектирање и истиот е одговорен за усогласеноста на проектите со условите за просторно и урбанистичко планирање и условите за градење.

- проектирањето, односно содржината на проектот за инфраструктура, сообраќајниот и основниот проект да бидат изработени согласно техничката спецификација, изготвена од Нарачателот.

- да ја испорача изработената проектна документација во потребниот број на примероци дефинирани во чл.4 од овој Договор.

- на свој трошок да обезбеди ревизија за изработениот проект заради утврдување на усогласеноста на проектот со позитивните законски прописи од областа на градење и проектирање;

- без надоместок да изврши корегирање или дополнување на изработениот проект по евентуални забелешки од ревидентот, согласно извештајот од извршената ревизија или по евентуални забелешки од Нарачателот.

*Договорна казна*

**Член 7**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Изработувачот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 5% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден , за првите две недели.

Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, Нарачателот има право по претходно доставено писмено известување до Изработувачот, да го раскине Договорот и да бара надомест на штета и договорна казна – пенали .

Во случај на неисполнување на обврската, Нарачателот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Изработувачот од одговорност за евентуално претрпена штета на Нарачателот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 8**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 3 /три/ месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот.

***Решавање на спорови***

**Член 9**

Сите евентуални и спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 10**

Доколку меѓусебното договарање не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд согласно позитивните правни прописи на Република Северна Македонија.

***Услови за прекинување или раскинување на Договорот***

**Член 11**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 12**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 15 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.



**Член 13**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 14**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 15**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Странaта што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 16**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Завршни одредби***

**Член 17**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 18**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 19**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 20**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 21**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изработувачот и стапува на сила со денот на неговото склучување.

*Изработувач*
***ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ ДООЕЛ Битола***
***Управител,***

______________
***Ружа Гроздановска***

*Нарачател*
***ОПШТИНА КОЧАНИ***
***Градоначалник,***

______________
***Николчо Илијев***

***Составен дел на овој Договор е:***
***- техничка спецификација***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште –Влатко Димитров*

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

## Изработка на проект за инфраструктура и сообраќаен проект за булевар Теодосие Паунов со предвидување 4-5 кружни токови и Основен проект за булеварските улици со предвидените кружни токови

Должината на опфатот за изработка на проект за инфраструктура и сообраќаен проект изнесува околу 2800м Булевар со четири ленти и разделно зеленило каде има простор.

Проектот за инфраструктура да се изработи со предвидување на две сообраќајни ленти за влез и две сообраќајни ленти за излез на булеварот од градот булеварот да биде предвиден со четири ленти, да се предвидат кружните токови и брзината на возилата да се предвиди согласно законските одредби.

Во соработка со претставник од Општината кој ќе биде назначен за контакт лице да се определат раскрсниците кои ќе се решат со кружни токови, исто така за тие локации како и за целиот булевар да се изготват сообраќајни решенија кои ќе бидат сместени во сообраќајниот проект за булеварот Теодосие Паунов.

Да се изработи основен проект за булеварската улица каде ќе се посвети посебно внимание на предмерите на кружните токови кои треба да бидат прикажани графички во основниот проект и на ситуцијата на улицата со потребните пресеци за истите.

Да се изработе Сообракаен проект за опфато со проектот за инфраструктура.

Геодетските снимки на терен и се што е потребно во врска со проектите е обврска на проектантот.

Во прилог е даден опфатот во електронска верзија.

Содржина на инвестиционо-техничката документација:

- Да се изврши геодетско снимање на булеварот со коти и координати и да се прикажат во проектната документација
- Бележење и предвање на полигонскио влак на претставник од Општинта
- Технички извештај со технички услови за изведување на работите
- Ситуационо решение изработена врз основа на снимена геодетска ситуција
- Коти и координати на снимени точки, координати на геометриски елементи и координати на напречни профили
- Надолжен профил Р=1:100/1000
- Карактеристични попречни профили 1:50 со детали
- Попречни профили Р=1:100
- Предмери за основните проекти
- Предмери и пресметка за основните проекти

- Ситуационо решение на кружните токови
- Разработени кружни токови со потребни пресеци и предмери

Сите елементи на улицата да се изработат према важечките техники прописи и стандарди за проектирање на улици.

Технички елементи на булеварот

- Проектна бразина
- Ширина на коловозот

Коловозна конструкција:

Реконструкција со гребење на постоечкиот асфалт и асфалтирање со БНХС 16
Каде се поголеми оштетувањата да се предвиди вадење на асфалтната површина тампонирање и асфалтирање.

Проектот за инфраструктура да биде изработен во три примерока во хартија и во електронска форма на ЦД.
Сообраќајниот проект да биде изработен во три примерока во хартија и во електронска форма на ЦД.
Основниот проект за булеварските улици со кружните токови да биде изработен во три примерока и во електронска форма на ЦД.

За сите проекти да биде изработена ревизија од друга проектантска куќа.

Спецификатор,
Помошник Раководител на
Сектор за располагање и уредување
на градежно земјиште

Влатко Димитров